Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-I-10/5
11. 03 2022 ГОД.
РЕСЕН

**ДО:**
**Прима Тим ДОО**
**Бул. Туристичка 50/4**
**Охрид**

**Предмет: Достава на одговор, Информации од Јавен Карактер**

По Вашето барање евидентирано под бр УП-I-10/5 од 14.02.2022 за назив/компанија на кое од страна на Општина Ресен му е доделена: проценка на земјиште и овошни насади предмет на експропријација согласно геодетски елаборат изработен од Гео балкан ДООЕЛ Битола, за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и планска документација за: КП. 4205, КП. 4213, КП. 4214/1, КП. 4215, КП. 4219/1, КП. 4219/2, КП. 4225/2, КП. 4225/4, КП4226/3, КП. 4226/4, КП. 4226/9, КП. 4227/1, КП. 4227/5, КП. 4227/7, КП. 4227/8, КП. 4227/9 К.О.Ресен.

Општина Ресен согласно член 20 став ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на СРМ" бр. 101/19), Општина Ресен постапи по Вашето барање и во прилог Ви доставуваме одговор на истата:

- Договор за проценка на недвижен имот со Гео Балкан.
- Одговор информација за која е договорената цена по парцела за процена на земјиште и по парцела за овошен насад, Ви доставуваме одговор од Одделението за администрирање на даноци, такси и надоместоци.

**Градоначалник на Општина**
**Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН

**Службено лице:** Аријан Лумани

**Контолирал:** Зухра Алиовска

**Одобрил:** Дијана Кремшовска

ОПШТИНА РЕСЕН

ИНТЕРНО

-Одделение за администрирање на даноци, такси и надоместоци-
Бр.15- СЛ
23.02.2022 год.

До: Сектор за правни и општи работи и јавни дејности

**Предмет: Одговор на барање податоци од 23.02.2022 год.**

Во врска со Вашето барање за достава на податоци а по однос на Барањето информации од јавен карактер заведено под Уп I -10-5 од 14.02.2022 год. од страна на Прима Тим ДОО Охрид, Бул.Туристичка 50/4 Охрид, Ве известуваме за следното:

1.На кој оператор/компанија/физичко лице му е доделена работата по однос на процената на земјиште и овошни насади предмет на експропријација согласно геодетски елаборат бр.08-322/16 изработен од Гео балкан ДООЕЛ Битола, таков податок ние немаме.

2.Согласно Одлуката за одредување на вредноста на градежно неизградено земјиште **за општа употреба** за градот Ресен и селата во Општина Ресен и за одредување на вредноста на земјоделското земјиште по катастарски општини Бр.08-181/4 од 28.01.2022 год.: пазарната вредност по метар квадратен за предметните парцели *КП 4205, КП 4213, КП 4214/1, КП 4215, КП 4219/1, КП 4219/2, КП 4225/2, КП 4225/4, КП 4226/3, КП 4226/4, КП 4226/9, КП 4227/1, КП 4227/5, КП 4227/7, КП 4227/8, КП 4227/9* во КО Ресен(градежен реон) **изнесува 300,00 денари** што одговара на **зона 2** од Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот(објекти) на подрачјето на Општина Ресен Бр.08-187/6 од 29.01.2016 год.

По овластување на Градоначалникот
Гоце Настевски

Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
бр. 16-2605/1
24.12.2021 год.
РЕСЕН

ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
ГЕО БАЛКАН УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ
бр. 03-356/1
23.12.2021 год.
Битола

# ДОГОВОР

## За процена на недвижен имот

Склучен помеѓу:

1.Општина Ресен, ЕМБС 6018572 И ЕДБ 4024004107609 со седиште на Плоштад „Цар Самоил" бр. 20, Ресен, претставувана и застапувана од градоначалникот Јован Тозиевски, како нарачател (во понатамошниот текст: нарачателот) и

2.Друштво за геодетски работи, трговија и услуги ГЕО БАЛКАН увоз – извоз ДООЕЛ Битола, „Питу Гули" бр.47 Б Битола, застапувано од управител Борче Стојановски, како вршител ( во понатамошниот текст: вршителот)

Член 1

Предмет на овој Договор е давање услуга – процена на вредност на градежно земјиште со намена Јавна површина – улица и тротоар, Улица „1" (согласно ДУП: План за реализација на станбена населба „КУМСАЛ" 2 – Ресен), заради поднесување на Предлог за експропријација.

Член 2

Вршителот на работите е должен да достави до нарачателот доказ (валидна лиценца за процена) со кој ке докаже дека ги исполнува условите за процена од определената област.

Член 3

Вршителот на услуга е должен да изврши процена односно да ја определи пазарната вредност на градежното земјиште предвидено за експропријација согласно Геодетскиот елаборат – за геодетски работи за посебни намени, изработен од страна на Гео Балкан, Битола со Дел.бр. 08 – 322/16 од 17.08.2021 год.

Член 4

Процената се врши на КП. 4205, КП.4213, КП. 4214/1, КП. 4215, КП.4219/1, КП. 4219/2, КП.4225/2, КП.4225/4, КП.4226/3, КП. 4226/4, КП.4226/9,КП.4227/1, КП.4227/5, КП.4227/7, КП.4227/8 И КП.4227/9 сите во К.О. Ресен, согласно теренската скица на премерувањето со нанесена новопредложена состојба од Геодетскиот елаборат изработен од страна на Гео Балкан, Битола со Дел.бр. 08 – 322/16 од 17.08.2021 год.

Член 5

Вршителот на услугата е должен да ја определи пазарната вредност на секоја од Катастарските парцели од член 4 од Договорот посебно, определувајќи ја вредноста на земјиштето и овошките засадени на истото.

Архив...

Член 6

Извештајот од извршената процена, вршителот е должен да го достави до Нарачателот најкасно 30 дена од потпишувањето на овој Договор.

Член 7

За извршувањето на обврските од Договорот, вршителот е согласен истите да ги изврши без никаков надомест.

Член 8

Нарачателот се обврзува дека, на вршителот ќе му ги обезбеди потребните услови и информации за извршување на обврските од Договорот.

Член 9

Нарачателот нема обврска околу исплаќања на било каков надомест за извршената процена од страна на вршителот.

Член 10

Овој договор се склучува во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна. Договорните страни може да направат измени и дополнувања на овој договор, со склучување на писмен анекс на истиот. Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето.

**НАРАЧАТЕЛ**

**Општина Ресен**

**ВРШИТЕЛ**

**ГЕО БАЛКАН увоз – извоз ДООЕЛ Битола**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН